40 years
Faculty of Security-Skopje

University "St. Kliment Ohridski"-Bitola
Faculty of Security-Skopje

INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE

# CONTEMPORARY TRENDS IN SOCIAL CONTROL OF CRIME

Volume I

CONTEMPORARY TRENDS IN SOCIAL CONTROL OF CRIME

www.fb.uklo.edu.mk

ISBN 978-608-4532-98-9

Skopje

**МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА**
**СОВРЕМЕНИТЕ ТРЕНДОВИ НА**
**ОПШТЕСТВЕНАТА**
**КОНТРОЛА НА КРИМИНАЛОТ**

**INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE**
**CONTEMPORARY TRENDS IN SOCIAL**
**CONTROL OF CRIME**

# МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА

# INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE

# CONTEMPORARY TRENDS IN SOCIAL CONTROL OF CRIME

**30-31 May 2016, Ohrid**

**Volume I**

**Skopje 2016**

**Издавачи:**

Универзитет „Св. Климент Охридски“
Битола
Факултет за безбедност – Скопје

**За издавачите:**

проф. д-р Сашо Коруновски, ректор на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола
проф. д-р Оливер Бачановиќ, декан на Факултетот за безбедност – Скопје

**Компјутерска обработка:**
Оливера Трајанова Ѓорѓијовски
Кемал Рушид

**Печати:**
АД „Ван Гог“ - Скопје

**Адреса на издавачите:**

Факултет за безбедност  1000 Скопје
П. Фах 103
тел: 022546211

Универзитет „Св. Климент Охридски“
1ви Мај б.б. 7000 Битола,
тел: 047223788

**Publishers:**

University “St. Kliment  Ohridski”
Bitola
Faculty of Security- Skopje

**For the Publishers:**

Sašo Korunovski, Dr.Sc Rector of the University “St. Kliment Ohridski”- Bitola
Oliver Bačanović, Dr.Sc Dean of the Faculty of Security- Skopje

**Computer Processing:**
Olivera Trajanova Gjorgjijovski
Kemal Rushid

**Print:**
“Van Gog” - LTD Skopje

**Address of the Publishers:**

Faculty of Security 1000 Skopje
P.O. Box 103
tel: ++389(0)22546211

University “St. Kliment Ohridski”
1 Maj b.b. 7000 Bitola
tel: +++389(0) 47223788

**PROGRAMME COMMITTEE:**

Dr. Sc. Oliver Bacanovic, Dean of the Faculty of Security Skopje
Dr. Sc. FerencBánfi, Director of CEPOL (European Police College)
Hélène Martini, President of the Association of European Police Colleges
Dr. Sc. MladenBajagic, Acting Dean of the Academy of Criminalistics and Police Studies, Serbia
Dr. Sc. Gheorghe Popa , Rector of the Police Academy " AlexandruIoanCuza", Romania
Dr. Sc. BoikaIvailovaCerneva, Rector of the Academy of the Ministry of Interior, Bulgaria
Dr. Sc. Andrej Sotlar, Dean of the Faculty of Criminal Justice and Security, Slovenia
MilicaPajovic, Director of Danilovgrad Police Academy, Montenegro
Dr. Sc. Ivan Toth, *Dean of the University of Applied Sciences,* Velika Gorica, Croatia
Dr. Sc. Ivica Radović, Dean of the Faculty of Security Studies,
University of Belgrade, Serbia
Dr. Sc. Mile Sikman, Head of the Administration for Police Education of Republika Srpska, Bosnia and Herzegovina
Dr. Sc. NedzadKorajlic, Dean of the Faculty of Criminalistics, Criminology and Security Studies,
University of Sarajevo, Bosnia and Herzegovina
Dr. Sc. Denis Čaleta, President of the Council of the Institute of
Corporative Security Studies (ICS), Ljubljana, Slovenia
Dr. Sc. JoškoVukosav, Dean of the Police College,
Police Academy, MoI, Zagreb, Croatia
*Dr. Sc. Goran Ajdinski*, *Dean of the Faculty of Philosophy,*
*University "St. Cyril and Methodius" Skopje*
Dr. Sc. VesnaTrajkovska, Faculty of Security Skopje, Secretary of the International Programme Committee

**ORGANIZING COMMITTEE:**

Cane Mojanoski, Dr.Sc., Chairman
Tome Batkovski, Dr.Sc.
Nikola Dujovski, Dr.Sc.
SnežanaMojsoska, Dr. Sc.
Svetlana Nikoloska, Dr. Sc.
Vesna Stefanovska, Dr. Sc.
Bogdancho Gogov, Dr. Sc
Aleksandar Ivanov, Dr. Sc.

## CONTENTS:

**СЛОВО ЗА СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ......................................................................... VIII**

**ПРОФ. Д-Р ДИМИТАР ПАНДЕВ**

**ПРОФ. Д-Р ОЛИВЕР БАЧАНОВИЌ...........................................................................................XII**

**IN SEARCH FOR AN APPROPRIATE THEORETICAL FRAMEWORK FOR RISK AND CRISIS COMMUNICATION RESEARCH IN PUBLIC SECTOR ...................................... XVI**

ŽELIMIR KEŠETOVIĆ, PREDRAG MARIĆ, VLADIMIR NINKOVIĆ

**SECURITY BETWEEN THEORY, POLITICS AND PRACTICE
HUMAN RIGHTS AND CRIME CONTROL**

**INCREASING ORGANIZATION COMPETITIVENESS IN EMERGENCIES AVOIDING THE UNETHICAL AND IRREGULAR BEHAVIOUR –A GREAT DILEMMA IN THE RISKY WORLD ..............................................................................................................1**

VESELA RADOVIC, SINISA DOMAZET

**STATUS AND CHALLENGES OFTHE DEFENSE REFORMS IN THE REPUBLIC OF SERBIA FOR EURO-ATLANTIC INTEGRATION...................................................................12**

ANDREJ ILIEV , DRAGE PETRESKI , ACO VELKOVSKI

**LONG-TERM IMPACT OF NATURAL DISASTERS ON SOCIAL CONTROL: THE CASE OF 2014 FLOOD IN CROATIA ..........................................................................................23**

IRENA CAJNER MRAOVIĆ, DR.SC

**DEVELOPMENT, THEORY AND PRACTICE OF THE SECURITY FUNCTIONS IN THE ARMED FORCES OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA......................................................32**

METODIJA DOJCINOVSKI DR.SC

**CONTEMPORARY ASPECTS IN THE PREVENTION OF THE NATIONAL SECURITY43**

TATJANA GERGINOVA, DR.SC

**THE USE OF KNOWLEDGE IN NATURAL-DISASTER RELIEF MANAGEMENT..........55**

MAJA TIMOVSKA, DR.SC, METODIJA DOJCINOVSKI, DR.SC

**A PROPOSED MECHANISM FOR ENHANCING THE CONTROL AND OVERSIGHT OF THE SECURITY SYSTEM OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA.......................................64**

ICE ILIJEVSKI, DR.SC

**THE DISCOURSE ANALYSIS AS A RESEARCH PROCEDURE ..........................................72**

CANE T. MOJANOSKI, DR. SC

**THEORETICAL FOUNDATIONS RELATED TO NATURAL DISASTERS AND MEASURING THE RESILIENCE OF THE COMMUNITIES BEFORE DISASTERS HAPPEN- ESTABLISHING PROPOSAL VARIABLES...79**

ALEKSANDAR IVANOV, DR.SC, VLADIMIR CVETKOVIČ, DR. SC, SRNA SUDAR

**COMPARATIVE ANALYSIS OF THE CONCEPTUAL APPOROACH IN CREATING SECURITY POLICY...90**

MARJAN GJUROVSKI DR.SC, GOJKO PAVLOVIC, DR.SC, DRAGAN DJUKANOVIC, DR.SC

**FUNCTIONING OF THE LAW IN CASES OF SOCIAL CONFLICTS...97**

NATASA PELIVANOVA, MIRJANA RISTOVSKA

**THE ROLE OF THE JUDGE IN THE EVALUATION OF THE DEFENDANT'S PLEA WITHIN THE SENTENCE BARGAINING PROCEDURE...111**

BOBAN MISOSKI, DR.SC, DIVNA ILIC DIMOSKI, DR.SC

**SPECIAL INVESTIGATIVE METHODS AND HUMAN RIGHTS...119**

ZELJKO NINCIC, DR.SC

**STEPS TOWARDS COMBATING TRAFFICKING IN HUMAN ORGANS IN SOUTH EASTERN EUROPE, WITH PARTICULAR REFERENCE TO THE CASE OF KOSOVO...131**

VANDA BOŽIĆ, DR. SC

**USING THE INDICIAL METHODS AS A STRONG POINT AGAINTS THE DEFICIENCY OF INFORMATION OF ORGANIZED CRIME...152**

MLADEN TRAJKOV, MA, MIRJANA MANEVSKA, MA, ALEKASANDAR NACEVSKI, MA

**TYPES OF ALTERNATIVE DRUG COURTS IN THE UNITED STATES...162**

VIŠNJA RANĐELOVIĆ

**TOWARD IMPARTIALITY, RELIABILITY AND EFFICIENCY OF COURT EXPERT TESTIMONY...171**

PAVLE HADŽIĆ, VOJKAN ZORIĆ, ZDRAVKO SKAKAVAC

**MISDEMEANOUR LAW IN REPUBLIC OF MACEDONIA - FROM CONCEPT TO REALITY...178**

ISKRA AKIMOVSKA MALETIC, DR.SC

7th International Scientific conference

**(Contemporary trends in the Social Crime Control)**

The topic of crime and its control has been continually present on the social, political and research arena and has been also a subject to a number of debates and scientific researches. As the crime and the fear from the crime change on local, regional and on global level, simultaneously the social reactions and the forms of crime control also change.

Their study, especially in the second half of the 20th and the beginning of the 21st century, shows more changes in the reforms of the criminal justice system, which are in line with alternations occurring not only with the state of crime, but also in social, economic, political and security circumstances in other societies.

In the context of the 70's, the crime control was influenced by the so-called Penal coercionist, rehabilitation of offenders and the development of the state of welfare due to the failure of the state to deliver the anticipated justice. Thus two paradigms were developed: first, that nothing helps and the second - justice has been threatened. In that period, influenced by the structural social processes, (we think here of globalization, unequal distribution of wealth at all levels in the world, migratory movements, terrorism and cyclical recessions of capitalism that actually generate crime,) there are conflicts between the objectives of penalties (prevention, deterrence, rehabilitation and second, the realization of justice), the rights of offenders and the public interest, the legal principles, the functions of the police and the objectives of post-penal and social work. These processes produce not only changes in the condition of the crime, or its increase and change, but also represent changes in the social policy as well as in the criminal justice system.

As a result, in the period of late modernism, the problem of crime control is mainly associated with the security of the society as well as the increased risks to the feeling of insecurity that caused the increased repressive policies by the criminal justice system. At the same time the policies of risk management and the application of new technologies are implemented. They are part of the situational approach in the crime control. Basically, the new technologies for monitoring and detection of offenders place the citizens as a potential object of observation.

In this context, the police is less concerned with the Crime Prevention which relies more on new information and telecommunications as well as on other means of technology. This technological development is necessary, but at the same time it shifts away the police from citizens and their security needs, resulting in its reticence towards the public as well as implementation of repressive methods. Relying on the Law enforcement model or on what is now called the establishment of law and order, the police is being militarized growing into a serious threat both to the citizens and to the development of democratic processes. The police has thus transformed itself into the main force in the hands of the powerful for the retention of status quo.

Therefore, such a social control of crime cannot adequately respond to its challenges and there is a discrepancy between the punishment, which remains the prerogative of the State as part of the traditional criminal justice and the crime control that follows the state justice.

According to Garland (Garland, 2001), societies in the period of late modernism are characterized by a rising crime as well as by the perception of it as a normal social phenomenon. Politicization of crime, increased concern for the victim and the public safety, as well as the ineffective response to public justice, increased private security and enabled development of the situational approach as an activity with preference to the crime prevention. Despite the idea of increasing the safety and decreasing the crime, however, due to social and economic costs of 'hard' politics and mass imprisonment of offenders, the criminal policy in the late 20th and early 21st century once again experiences a crisis and is increasingly becoming more a problem than a solution to it.

Having in mind what has been previously mentioned, the questions of development of new culture of crime control are increasingly becoming more actual. They should correspond to the changed social, economic and political conditions, especially globally and in the new view of structural changes that are generating crime. Therefore, the Faculty of Security - Skopje, poses questions about the modern trends of social control of crime in the 7$^{th}$ International Scientific Conference and develops topics and opens discussion about development of the emerging concepts of criminal justice, for the new security challenges and the strategic restructuring of the international political order, relations of the international law, human rights, security, crime control, etc. These topics, needless to say, ought to arise from the main theme of the conference and are imposed by the world forces because the goal of all states and the international community is to create free societies that are free from fear and who can provide safe security environments for living.

Therefore, the 7$^{th}$ International Scientific Conference will be focused on the discussion of the following topics:

1. Security among theory, politics and practice;
2. National and international perspectives of Criminal Justice and Policing;
3. Crime science in the 21 century;
4. Rule of law and security challenges;
5. Media and crime;
6. Economic cost of crime;
7. Human rights and crime control;
8. Migration as a global and security challenge;
9. International Law and security;
10. Geostrategic restructuring in the international political order as a background to the migrant crisis;
11. Private and corporate security;
12. Radicalization on religious and ethnic grounds - the Middle East and the Balkans perspectives.

словото евангелско на словенски јазик одблизум средноевропските пустини, не толку почвени колку душевни, и се посветија со римски благослов.
Ги појави истиот Кирил што ги сочува иконите од хули токму отпосле зародишот нивни во окружието византиско во кое разногласието е второ име на согласието. И којшто направи толку добри дела за Византија која уште жив го заборави.
Има уште десетина слични приказни како приказната што е само Кирилометодиева, како што е готската или коптската, кои завршуваат или тукасо букви речиси грчки и со превод на делови евангелски, или дури претходно, како што има и приказни како хазарската, чиј епизоден дел бил и самиот Кирил па и нашиот Климент, кои стануваат составен дел од други приказни како оние нашите во кои обајцата со својата дружина од по хазарските патешествија, ја извлекоа и ја продолжија од морето приказната за свети Климент Римски. Во тоа е, всушност, величината на литературата, но и на уката, на древните вештини и на науките што се развиваат под претхуманистичка закрила. Да се спаси пренебрегнетата, потценетата, отфрлената жива приказна и врз неа да се создаде не само нова уште посликовита приказна туку и нов поразновиден и поразигран светоглед. Со поглед кон иднината, но и со почит кон минатото.
Приказната глаголичка не завршила ни во Венеција, при сѐ што остро била нападната, па злобниците ѝ го наѕирале крајот, а се спасила со сказанијата апостол Павлови изговорени гордо од устата Кирилова; не завршиланиту во Моравија, каде што била клеветена како богохулна и ни чудо не можело да ја спаси, а ја крепела раката Методиева; ниту на крајдунавските ветрометини, кај што студот врз срамот бил поостар од мечот врз вратот, а само поривот патешественички бил утеха и спас,ниту пак на дворот преславски кајшто не се знаело чиј поглед е полукав, византискиот или протобугарскиот, и чиј врвеж и чиј џагор е пожесток, а само остроумноста апостолска знаела излез од безизлезот на дворските игри.
Приказната за глаголицата е приказна за Климентовото патешествување и таа свечено продолжува во Охрид и притаено покрај јадранскиот брег. Како успешна приказна на словенската промисла. Светлината буквена, имено, во уште посветлосен светоглед свечено ја пренесува Климент Охридски во охридските предели и ја распостила уката божествена низ македонската земја, полетно патешествувајќи како никогаш порано.Не само и не толку сострого евангелското слово,колку со свои слова во кои себесвојствено и за народот словенски прифатливо ги вклопува евангелските параболи и заветните мудрости, за своја црква, со слова пофалнопоучни за словенски предворја ако треба и само за двајца-тројца но да се знае дека се благословени од сите бестелесни сили, од сета црковна хиерархија, и не само поддржани туку и надополнети со споменот за светите учители, и со воспевот на сите апостоли и маченици и за сите светци од христијанскиот свет и особено од по словенските патишта.
И приказната не завршува тука. Таа продолжува истојазично низ речиси сите словенски земји, но и другојазично, зашто со словенскиот воспев на недовоспеаното во времето патристичко од светите оци промолвеа во времето претхуманистичко и предренесансно со нови литератури и сите други дотогаш непромолвени народни јазици. Тоа е процес што не можел да се запре, но не морал и секаде да биде успешна приказна, како што охридската била на чекор на византиската, а веќе далеку од ненаситните погледи на ордите што ја крстосувале средна Европа. Но останала недофатна за прогонителите, бидејќи света и веќе на свет јазик.

Зашто, „лесно“ е да се создаде дело што претставува цел еден систем, особено од ништо, а имено само со помош на бога. Тешко е да се одржи систем составен само од вредности и да му се даде соодветна улога и значење, тек и раздвижба, а уште потешко смисла и хиерархија. И пораки севременски и натпросторни. А најтешко е да се негува системот, да се култивира и да се надградува. Да се одбрани делото од загроз однадвор и од разјад однатре.

А токму тоа го обезбеди свети Климент Охридски, за глаголицата како систем од скрити вредности, за словенската писменост, црква и средина и за литературата создавана врз глаголичкиот тајнопис, врз воздвигот црковен и општествен, охридски и сесловенски.

Делото нападнато на едни простори да се одбрани на друга територија, чија таинственост никогаш до крај не ќе се растајни, ни како филозофија на опстојба, ни како форма на одбрана, ни како јазик на народна борба. Туку само преслик библиски ли или како нешто недопрено ли и девствено свето. Чисто во духот и срцето. И тој преслик не е разнебитување на приврзаноста кон почвата, туку небеско сплотување. Како умосозерцателна living сознајба.

Климент доаѓа во Охрид по безбедна територија и во безбедно време наоѓа достојни современици за безбедно продолжување на делото на неговите учители кое е и негово дело, не само од Моравија и Рим туку и од времето на пронаоѓање на моштите на свети Климент Римски, тоа е седмочисленичко дело, приказна што трае како Лаврентиевата, еден од седумте римски ѓакони, врз чија судбина ќе се изнедри отпосле ренесансната литература.

Врз приказната за Климент, таа охридска, Теофилактова и чија уште ли не, умопатешественичка приказна која најверојатно започнала таму каде што и завршила, имено во Охрид, ќе се развијат македонските и словенските сказанија, не само како слова, туку и како сказни и приказни, како раскази и сложени умотворенија. Зашто во Климентовото книжевно дело ќе се вкрстат сите можни книжевни видови на времето, без да се открие според старите поетички шеми, што создавал всушност Климент. И дали воопшто создавал нешто или сѐ било само препис и скитничење од манастир до манастир, од едно под небесата изговорено слово до друго, од едни ученици до други, од првото нивно азбукиведи заглаголување до следното глаголидобрување во животот патешественички. А Климент создавал книжевност што сама по себе е јазик, ниту поезија, ниту проза, едноставно создавал дело, внесувал искреност не само своите слова туку и во својот однос братски воспоставен со содружниците, со дружината, со соборот. Вкрстувал идеи и плодотворно ги облагородувал. Создавал школа што сама по себе е општествена институција, академија и универзитет, и за вештините и науките на духот и за вештините и поуките на телото, на душата и на умот, на сетилноста и промислата. Книжевност што е одбрана од сите лаги и клевети врз човековиот род, измислени пак од човека што нејќе да признае друго освен своето. Школа што ја опфаќа сета негова епископска територија. Не без причина! Зашто веќе во оној поклиментовски и посамуилов Охрид, имено во византискиот Охрид, Теофилактовиот и на уште колку ли не несловенски владици, византиските измислици за охридските гревови што ни езерото не ќе ги измиело, ќе имаат една единствена цел, не толку да го спасат, т.е. да го обезличат грешникот наводно грешен до срж, туку делото, цивилизациското дело создадено од словенските првоучители, кои дури и да не се со капка крв словенска, словенски се во однос на словенскиот род и на словенските народи, во однос на Охрид и Македонија. Во

однос на иднината.Зашто е исполнето  со онаа благородна исконска словесност и словенскост што бездруго има сили да овоплоти нова култура, не само врз божјата поткрепа стапка по стапка пренесена од Босфорот и Солунот до Моравија и Венеција, и не само поради камшикот на ветрот дунавски и потценетоста на пазарот венецијански. Колку заради благородието душевно вгнездено во охридската питомина и книгописно раздвижено низ словенските земји.
Приказната за Климент, освен во свеста на Охриѓани како роднокрајна, никогаш не е докрај ни разјаснета ни растајнета, а и како, кога е божја и апостолска. И како таква потајум се ширела низ словенските соборни цркви и манастири преку словата Климентови вклопувани во житејските книги редум со словата на сите свети оци.   И таа се јавува во истите закрила од кои се развиваат словенските јазици, литератури и култури.

И таа била дел од охридскиот милениумски непремолк пред кандилата во секоја куќа варошка, вовед во сите македонски прослави и сесловенски чествувања!

Радувај се Клименте, зашто живее твојата писменост, твојата црква, твојата школа. И сега и секогаш и во вечни времиња. Знајно и вистинито.

Силно верувам дека нашата денешна Конференција, како и онаа која ја планираме за декември месец оваа година под на: **„СВЕТИ КЛИМЕНТОВИТЕ ПОРАКИ ЗА ЕТИКАТА, МОРАЛОТ И ВРЕДНОСТИТЕ“**,ќе значат достоинствено обележување на овој голем јубилеј и ќе ја изразат наша голема благодарност и почит кон грандиозното дело на патронот на нашиот Универзитет-Свети Климент Охридски.

Почитувани,

Темата на овогодишната Научна конференција што ја организираме гласи: **Современите трендови на општествената контрола на криминалот**.

Темата за криминалот и за неговата контрола е постојано присутна на општествената, политичката и научната сцена и предмет на голем број дебати и истражувања. Како што се менува криминалот и стравот од него, на локално, регионално и глобално ниво, така се менуваат и општествените реакции и облиците за негова контрола.

Нивното проучување, особено во втората половина на 20 век и во почетокот на 21 век покажува **повеќепромени и реформи во системите на кривичната правда**, што е во согласност со промените кои се случуваат не само со состојбата на криминалот, туку и во *општествените, економските, политичките и другите безбедности околности во општествата*.

Во тој контекст, во 70-тите години, **контролата на криминалот** беше под влијание на т.н. *пенален корекционизам, рехабилитација на сторителите и развој на држава на благосостојба*, но поради **неуспехот надржавната правда** да го испорача очекуваното се јавуваат **две парадигми**- дека***ништо не помага***и дека ***правдата е загрозена***.

Во тој период, **структуралните општествени процеси**, при што мислиме на *глобализацијата, нерамноправната распределба на богатството на сите нивоа во светот, миграционите движења, тероризмот и цикличните рецесии на капитализмот,*се разгледуваат како процеси кои во суштина го генерираат криминалот.

Таквите процеси предизвикуваат не само промени во состојбата на криминалот (негово зголемување и менување), туку и **промени во политиката и во системите на кривичната правда**.

Како резултат на тоа, *во периодот на* ***доцниот модернизам***, проблемот на **контролата на криминалот сѐ повеќе се поврзува со безбедноста во општеството, зголемените ризици и со чувството на несигурност** кои предизвикаа зголемени репресивни политики од страна на казненоправниот систем.

Истовремено се зголемуваат **политиките за менаџирање на ризикот и запримена на нови техники и технологии**кои се дел од ситуациониот пристап во контролата на криминалот. Во суштина, новите техники/технологии за набљудување и за откривање на сторителите го ставаат граѓанинот како потенцијален објект за набљудување.

Меѓутоа, и покрај идејата да се зголеми безбедноста и да се намали криминалот, поради општествената и економската цена на „тврдата“ политика и масовното затворање на престапниците, **криминалната политика** кон крајот на 20 и почетокот на 21 век повторно доживува криза и се повеќе станува проблем отколку решение.

Имајќи го предвид претходно наведеното, прашањеto за **развојот на новата култура на контрола на криминалот** сè повеќе се наметнува и актуализира.Тој треба да **кореспондира***со изменетите општествени, економски и политички услови, пред сè на глобален план, како и со новите структурни промени кои го генерираат криминалот*.

Поради тоа, Факултетот за безбедност – Скопје, преку оваа коференција ги отвори прашањата за современите трендови на општествената контрола на криминалот какотематска целина, на која ќе можат да се слушнат и развијат теми и дискусии за:

- развојот на новите концепти во системите на кривична правда,

- новите безбедности предизвици и геостратешки преструктуирања во меѓународниот политички поредок,

- поврзаноста на меѓународното право, човековите права, безбедноста и контролата на криминалот и слично.

Наведените теми нужно произлегуваат и се наметнуваат од основната тема,бидејќи цел на државите и на меѓународната заедница е да создадат слободни општества кои се ослободени од страв и кои можат да обезбедат безбедни средини за живеење.

Покажаниот интерес за оваа конференција и за тематските содржини што за неа беа предложени, како и бројот на пристигнатите трудови (вкупно 93) и учесници од Белгија, Италија, Словенија, Србија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Бугарија, Романија, Албанија и Македонија, го потврдуваат фактот дека сме ја избрале виситинската тема и дека научните и стручните работници се подготвени да дадат свое мислење и придонес и да дебатираат на предложените теми. Оттука и очекувам дека конференцијата ќе биде плодотворна и дека од неа ќе произлезат и многу битни заклучоци кои би требало да послужат во понатамошното изградување на соодветен концепт, стратигија и законодавство во областа на контролата на криминалитетот, како и на безбедноста во поширока смисла.

Почитувани,

На самиот крај на сите учесници на Конференцијата им посакувам успешна работа, плодни дискусии и донесување на значајни заклучоци. Воедно Ви посакувам и пријатен престој во прекрасниот Охрид за време на кој, како организитори и се надевам добри домаќини,се потрудивме да Ви овозможиме и обиколка на соодветни културни и историски знаменитости на градот, како и традиционално дружење и забава,се со цел да оствариме нови познанства и пријателства, а веќе постојните да ги зацврстиме и продлабочиме.

А сега, Дозволете да ја отворам и да го прогласам почетокот на работата на Седмата Научна конференција „Современите трендови на општествената контрола на криминалот“ во организација на Факултетот за безбедност.

Благодарам на вниманието